## Внатрешно упатство

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го целото упатство бидејќи содржи многу важни податоци за Вас.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако забележите било какво несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство.

**Внатрешното упатство за лекот содржи:**


1. Што претставува лекот МИРОБАКТ маст и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот МИРОБАКТ маст
3. Како да го употребувате лекот МИРОБАКТ маст
4. Можни несакани дејства (ефекти)
5. Чување и рок на употреба на лекот МИРОБАКТ маст


**MIROBACT / МИРОБАКТ маст 20 mg/ 1g**

mupirocin

**Активна материја е мупироцин.**

Еден грам маст содржи 20 mg мупироцин.

**Помошни материи**: макрогол 400, макрогол 3350.

**Изглед на МИРОБАКТ маста и што содржи пакувањето**

Маста е со бела боја, делумно просирна.

15 g маст во алуминиумска туба со пластичен затворач, во кутија.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање на лекот во промет:**

БЕЛУПО ДООЕЛ Скопје,

ул. 3- Македонска бригада бр.68, 1000 Скопје, Р. Македонија

**Име и адреса на производителот:**

Белупо, лекови и козметика, д.д., Улица Даница 5, 48000 Копривница, Хрватска

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ МИРОБАКТ МАСТ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

МИРОБАКТ маста содржи мупироцин.
Мупироцинот припаѓа на групата лекови кои се викаат антибиотици.

МИРОБАКТ маста се применува при лекување на:

- кожни инфекции како што се:
  - инфекции на коренот на влакната кај кои доаѓа до појава на гнојни мозолчиња (фоликулитис)
  - заразни инфекции на кожата кај кои доаѓа до појава на меурчиња и лушпички (краста) на кожата (импетиго)
  - гнојни чиреви кои се јавуваат во неколку наврати (фурункулоза).

- различни други бактериски инфекции на кожата кои ги предизвикуваат стафилококи, стрептококи и *E. coli.* Во оваа група исто така се вбројува и инфекција на кожата со бактеријата метицилин резистентен *Staphylococcus aureus* (MRSA).

МИРОБАКТ маста е наменета исклучиво за надворешна примена врз кожата.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД УПОТРЕБА НА ЛЕКОТ МИРОБАКТ МАСТ

**Не ја применувајте МИРОБАКТ маста:**

- ако сте алергични (преосетливи) на активната материја или на било која друга состојка на лекот МИРОБАКТ маст
- врз очи, нос или на местото на примена на интравенски катетер.

**Бидете посебно внимателни со лекот МИРОБАКТ маст**

Оваа маст содржи полиетилен гликол. Задолжително посоветувајте се со Вашиот лекар:

- ако имате тешкотии со бубрезите
- ако маста се применува врз голема површина од кожата со отворени рани или оштетена кожа.

МИРОБАКТ маста може да предизвика тешки кожни реакции или алергии (видете го поглавјето 4. **Можни несакани дејства**).
Доколку МИРОБАКТ маста се применува долго време, тогаш може да дојде до појава на габична инфекција. Известете го Вашиот лекар или фармацевт ако забележите појава на габична инфекција на местото на примена на овој лек.

Не ја применувајте оваа маст во близина на очите. Доколку маста случајно дојде во допир со Вашите очи, тогаш очите обилно измијте ги со вода.

***Ако нешто од горе наведеното се однесува на Вас или пак не сте сигурни, јавете се кај Вашиот лекар.***

**Употребување на други лекови со МИРОБАКТ маст**

Известете го Вашиот лекар или фармацевт доколку употребувате или до неодамна сте употребувале било кои други лекови, вклучувајќи ги и оние кои сте ги купиле без рецепт.
Ова се однесува и на растителните лекови и на хомеопатските производи.

**Бременост и доење**
Ако сте бремени или доите, ако сметате дека сте можеби бремени или планирате да имате дете, обратете се кој Вашиот лекар или фармацевт за совет пред употребата на овој лек.

Доколку маста се применува врз брадавици, тогаш маста мора темелно да се измие пред доење.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ МИРОБАКТ МАСТ

Секогаш применете го лекот МИРОБАКТ маст точно така како што Ви рекол лекарот. Проверете со Вашиот лекар или фармацевт доколку не сте сигурни.

МИРОБАКТ маста не ја применувајте со други кремови или масти на заболеното подрачје. Мешањето на МИРОБАКТ маста со други кремови или масти може да ја намали ефикасноста на лекот.

МИРОБАКТ маста се применува на заболеното подрачје 3 пати на ден, најмногу 10 дена.

МИРОБАКТ маста се применува на следниот начин:
1. Измијте ги и исушете ги рацете пред примената.
2. Маста нанесете ја на заболеното подрачје на кожата.
3. По примената на овој лек, заболеното подрачје можете да го прекриете со фластер или со друга соодветна прекривка, освен ако лекарот Ви рекол тоа да не го правите.
4. Измијте ги рацете по примената.

**Ако сте примениле повеќе МИРОБАКТ маст отколку што требало**
Ако случајно сте примениле повеќе МИРОБАКТ маст отколку што требало, веднаш јавете се кај Вашиот лекар или фармацевт за совет.

**Ако сте заборавиле да примените МИРОБАКТ маст**
Ако сте заборавиле да примените МИРОБАКТ маст направете го тоа штом биде можно, освен доколку не е блиску времето за следната редовна примена (во рамките на еден час до редовната примена). Во тој случај заборавената доза на лекот не ја применувајте, туку продолжете според вообичаениот распоред.

Не применувајте двојна доза за да ја надоместите заборавената доза.

**Ако престанете со примена на МИРОБАКТ маст**
Доколку ја прекинете примената на МИРОБАКТ маста порано отколку што е пропишано, тогаш инфекцијата може да се врати и да доведе до влошување на Вашата состојба.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Овој лек секогаш применувајте го редовно, според упатствата на Вашиот лекар.

**Ако проголтате МИРОБАКТ маст**
Во случај на голтање на МИРОБАКТ маст веднаш јавете се кај Вашиот лекар или упатете се во најблиската единица за брза медицинска помош.
Со себе земете ја **маста** или упатството за лекот, со цел здравствените работници на кои што им се обративте точно да знаат кој лек сте го проголтале.

**Во случај ако нешто не Ви е јасно или имате прашања во врска со примената на овој лек, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.**

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА (ефекти)

Како и сите лекови, и МИРОБАКТ маста може да предизвика несакани дејства иако тие нема да се појават кај секого.

Доколку забележете појава на тешка кожна реакција или алергија, **веднаш прекинете со примена на овој лек**, измијте ја маста од кожата и што порано јавете се кај лекар.

Во текот на примената на овој лек можат да се јават и следните несакани дејства:

- **чести несакани дејства**: чувство на печење на местото на примената
- **помалку чести несакани дејства**: јадеж, црвенило, чувство на боцкање и сува кожа на местото на примена. На други делови на кожата исто така е можна појава на алергиско исипување, јадеж, црвенило или чувствителност на кожата.
- **многу ретки несакани дејства**: отоци на лицето и/или тешкотии со дишењето. Ова може да биде знак на сериозна алергиска реакција која бара итно лекување.

За одредување на зачестеноста на несаканите дејства користена е следната поделба:
Многу често (се јавуваат кај повеќе од 1 на 10 болни)
Често (се јавуваат кај 1 на 10 болни)
Помалку често (се јавува кај 1 на 100 болни)
Ретко (се јавува кај 1 на 1000 болни)
Многу ретко (се јавува кај 1 на 10 000 болни)
Непознато (зачестеноста не може да се процени од достапните податоци)

<u>Пријавување на сомневања за несакани дејства</u>
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Со пријавување на несакани дејства можете да допринесете за процената на безбедноста на овој лек.
Несаканите реакции од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

5. **ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ МИРОБАКТ МАСТ**

**Лекот треба да се чува на места недостапни за деца и далеку од нивниот поглед!**

**Рок на употреба**
Назначен е на пакувањето.

Да се чува на температура под 25°C.

**Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба!**

Никогаш не ги отстранувајте лековите во отпадни води или во домашниот отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не ги користите. Овие мерки ќе помогнат за заштитата на животната средина.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Јануари, 2019

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •